РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-946/5
30.10 2016 год.
СКОПЈЕ

Собранието на Комората на извршители на Република Македонија на седница на вонредно собрание одржана на 20.06.2016 година во Скопје, изменет и дополнет на седница на вонредно собрание на 30.10.2016 година, врз основа на член 36, член 40 и член 83 од Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија бр.72 од 12.04.2016 година) донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ИЗВРШИТЕЛОТ И КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој правилник се уредува организацијата на работното време на канцеларијата на извршителот и на Комората на извршители на РМ.

## Член 2

Канцеларијата на извршителот може да работи од 06:00 до 21:00 часот. Во рамките на овој временски период извршителот со одлука го определува работното време во неговата канцеларија согласно потребите на канцеларијата.

Работното време не смее да биде пократко од 8 (осум) часа во текот на еден работен ден. Извршителот може работата во својата канцеларија да ја организира во смени. Одлуката за организирање на работното време извршителот ја доставува во Централен регистар на Република Македонија заради евиденција во соодветниот регистар, во рок од 30 дена од стапување во сила на овој правилник, како и до Комората на извршители на Република Македонија. Извршителот може одлуката да ја измени во секое време и истата има важност по евиденција во Централен регистар на Република Македонија заради евиденција во соодветниот регистар. Канцеларијата на извршителот не работи во неработни денови, државни и верски празници.

## Член 3

Извршителот со одлуката од член 1 од овој правилник го определува приемното време на странки. Во оваа временска рамка странките во канцеларијата ги примаат лицата вработени во канцеларијата на извршителот. Работното време за прием на странки извршителот видно го означува на влезната врата од својата канцеларија.

Заради добивање известување за состојба на предметот од извршителот или лице вработено во канцеларијата, извршителот во одлуката определува приемно време за странки кај извршителот и ова време мора да биде во траење од по најмалку 3 (три) часа во најмалку 2 (два) дена од неделата.

**Член 4**

Во случај на вонредна спреченост на работа на канцеларијата, на влезната врата извршителот ќе истакне соопштение во кое ќе назначи дека канцеларијата не работи и кога ќе продолжи со работа.

За секое отсуство од канцеларијата подолго од еден работен ден извршителот е должен за тоа да го извести својот заменик на емаил адреса најдоцна еден ден пред отсуството.

За секое отсуство на извршителот подолго од десет дена извршителот е должен освен заменикот да ја извести и Комората на извршители на РМ најдоцна два дена пред денот од кога започнува отсуството.

**Член 5**

Во градовите каде нема именувано извршител Комората еднаш на две недели, најмалку по 4 часа, обезбедува присуство на извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на којшто територијално припаѓа градот, заради прием на барања на извршување, во просториите на општината.

Комората во рок од 30 (триесет) дена од почеток на примена на правилникот ке донесе одлука за определување на извршители за извршување на обврските од став 1 од овој член, за период од една година а врз основа на еднаква застапеност.

Заради извршување на обврските од став 1 од овој член, во општината извршителот може да присуствува лично или по негово овластување неговиот заменик или негов помошник.

Извршителот е должен во рок од 8 (осум) дена од остварената работа од став 1 од овој член до Комората на извршители на Република Македонија да достави известување за бројот на примени барања за извршување, дури и кога не примил ниту едно барање за извршување.

**Член 6**

Работното време на Комората на извршители на РМ е од 8.30 часот до 16 .30 часот, секој работен ден од понеделник до петок. Комората согласно одлука на Управен одбор, приемот на странки ќе го врши секој ден од 12.00 до 15.00 часот. Работно време на Комората ќе се пријави во Централен регистар на РМ и ќе се објави на веб сајтот на Комората, а приемното време на странки ќе биде објавено на приемната врата на Комората.

**Член 7**

За непостапување или за постапување спротивно на одредбите од овој Правилник извршителот одговара дисциплински согласно Законот за извршување.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила осум дена од ден на негова објава на веб сајт на Комората на извршители на РМ , а се применува од денот на почеток на примена на Законот за извршување ( “Службен весник на РМ” бр. 72 од 12.04.2016 година) .

Комора на извршители на
Република Македонија

Претседател

Зоран Петрески